Република Северна Македонија
Министерство за образование и наука
Republika e Maqedonisë së Veriut
Ministria e Arsimit dhe Shkencës

Педагошка служба
Shërbimi Pedagogjik

Број 26 – 319/ 9
Датум: 12.03.2026

Врз основа на член 14 став (1) од Законот за учебници во основно и средно образование („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.3/25 и 74/25), а согласно Конкурсот за учебници во гимназиско образование бр. 26-1224/1 од 24.11.2025 година, објавен од страна на Педагошката служба на интернет страницата на Министерството за образование и наука, на ден 24.11.2025 година, директорот на Педагошката служба, донесе:

# РЕШЕНИЕ

***за формирање на Комисија за шифрирање и проверка на пристигнатата документација по Конкурсот за учебници во гимназиско образование бр. 26-1224/1 од 24.11.2025***

1. **СЕ ФОРМИРА** Комисија за шифрирање и проверка на пристигнатата документација по Конкурсот за учебници во гимназиско образование бр. 26-1224/1 од 24.11.2025 година (во натамошниот текст: Комисијата за шифрирање и проверка), во состав:

- **Андреа Јанковски - претседател;**
- **Бесим Алија - член и**
- **Весна Стојановска - член.**

2. **СЕ ЗАДОЛЖУВА** Комисијата за шифрирање и проверка од точка 1 на ова Решение, преку Педагошка служба, во рок од три дена од денот на проверката и шифрирањето на пристигнатата документација, шифрираните ракописите за учебници да ги достави до рецензентската комисија за ракопис на учебник, формирана од Националната комисија и до Бирото за развој на образованието (во натамошниот текст: Бирото).


Министерство за образование и наукана Република Северна
Ул. „Св. Кирил и Методиј" бр. 54, Скопје
+389 2 3117

3. Доколку на Конкурсот е доставен само еден ракопис за учебник, а Бирото има забелешки на ракописот за учебник пред доставување на стручното мислење, **СЕ ЗАДОЛЖУВА** Комисијата за шифрирање и проверка, да постапи согласно член 14 став (5) од Законот за учебници во основно и средно образование („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.3/25 и 74/25).

4. Доколку на Конкурсот е доставен само еден ракопис за учебник, а рецензентската комисија за ракопис на учебник има забелешки пред доставување на стручното мислење, **СЕ ЗАДОЛЖУВА** Комисијата за шифрирање и проверка, да постапи согласно член 14 став (7) од Законот за учебници во основно и средно образование („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.3/25 и 74/25).

5. **СЕ ОВЛАСТУВА** Комисијата за шифрирање и проверка од точка 1 на ова Решение да ги презема сите процесни дејства во однос на понатамошна постапка за овој Конкурс.

6. Решението влегува во сила со денот на неговото донесување.

ДИРЕКТОР,
м-р Роберт Аџипетров

Доставено до:
- Претседател/членови
- Писарница на Министерството


Министерство за образование и наукана Република Северна
Ул. „Св. Кирил и Методиј" бр. 54, Скопје
+389 2 3117